**20241933336**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за архивски материјал,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 12 септември 2024 година.

Бр. 08-4393/1
12 септември 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛ

Член 1

Во Законот за архивски материјал („Службен весник на Република Македонија“ број 95/12, 41/14, 72/15, 148/15, 169/15, 53/16 и 11/18), во член 7 во ставот 2 зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „министерот за дигитална трансформација“.

Член 2

Во член 64 во ставот 1 зборовите: „од 1.000 до 2.000 евра“ се заменуваат со зборовите: „од 250 до 500 евра“.

Член 3

Во член 65 во ставот 1 бројот „2.000“ се заменува со зборовите: „1.000 до 2.000“.

Во ставот 2 зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“ се заменуваат со зборовите: „250 до 500 евра во денарска противвредност“.

Член 4

Во член 65-а во ставот 1 бројот „1.000“ се заменува со зборовите: „500 до 1.000“.

Член 5

Во членот 65-в зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „министерот за дигитална трансформација“.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.